редакција
маркетинг
претплата
контакт
ВЕСТ
www.vest.com.mk
Читај и мисли слободно
Слободен дневен весник...



Насловна
Македонија
Црна Хроника
Свет
Скопје
Култура
Ревија
Калеидоскоп
Живот
Фељтон
Прилог
Пошта
Хумор
Спорт
ФОТО
Време
Кина

## Ревија

Ова е простор за Вашата РЕКЛАМА

Пребарувач
Во соработка со Најди!
Барај

ФЕРШПЕД
HOTEL
T · · Home
ВЕБ АГОРА МАГАЗИН
MACEDONIA SEARCH
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
Living Heritage Macedonia www.zivonasledstvo.org.mk
365 com.mk
kniga.com.mk

ТОМЕ АЏИЕВСКИ И СТАНКО ПАВЛЕСКИ ЗА ИЗЛОЖБАТА ВО МАЛА СТАНИЦА НА ТЕМА ПРОВИНЦИЈА

### И Дебар е ист како Лос Анџелес

Проектот "Кино Напредок- Трилогија провинција", велат авторите ликовни уметници Томе и Станко доволно говори за провинацијата во која сме и за темите што ги интересираат, споредувајќи ја нашата средина со целиот свет. Прашањата се исти, каде сме ни



Уметникот Томе Аџиевски тргнал по нова тема за проект. Налетал на бувљакот зад Градскиот стадион во Скопје. "Тешка социјала", вели Аџиевски "И продавачите и купувачите".

Во народот здогледал жена со блед поглед. Држела корпа со стари писма. Ја прашал, што прави? Таа му рекла дека ги продава писмата. Тој ја прашал за колку пари? Таа рекла: "За 20 денари. Земи ги сите, сосе корпата". Ја прашал дали може јавно да ги користи, а таа додала:"Праи им што сакаш".

На оваа приказна која е дел од најновиот заеднички проект на скулпторите Томе Аџиевски и Станко Павлески, се надоврзува Станко кој вели дека овде очигледно не станува збор за купопродажен договор, туку дека таа жена едноставно сакала да се ослободи од својата интима.

Изложените писма кои како перформанс ги чита едно девојче, се во рамките на првиот дел од трилогијата "Кино Напредок 3 - Трилогија Провинција" на Аџиевски и Павлески. Писмата се сместени заедно со транспарент најден на улица до Собранието на Македонија, на кој на јавен начин жена ја открива својата социјална ситуација.

Аџиевски објаснува дека мотивот за целата изложба е да се направи проверка што се случува со уметноста на крајот од посмодерната. "Теоретичарите велат дека се одвојуваат два правци. Првиот е социјална уметност, каков што е овој мој пример, и вториот е ангажираната уметност", вели Аџиевски.

Истражувајќи до каде сме ние провинција, до каде е светот провинција, во првиот дел од проектот Павлевски го преставува проектот "Без експонат". Тој вели дека делото се оттајнува уште со неговата најава и така луѓето во себе почнуваат да го создаваат. Тој тргнува од своето искуство како реагира на поканата, плакатот, медиумското претставување на делото, и како почнува да го создава во себе.

Втората претпоставка, што го создава делото што не постои е празниот простор, кој му е зададен на авторот. "Влегувањето на публиката со своите воображби и сета нејзина социолошка и културолошка заднина, го досоздава делото. Со присуство на оваа сцена, човек сфаќа дека тоа дело, всушност, никому не му ни треба.

Дали може да се зборува за замореност од уметност? "Јас лично не верувам во тоа, но... Ова претсатвување може да се сфати и како протест од непотребата од дело", вели Павлески.

Идејата да се истражува поимот провинција уметниците ја започнале во Велес, а ја продолжиле во Дебар и во Гевгелија, за да ја заокружат во Скопје.

Во Дебар, Аџиевски преку два проекта прави споредба на влијанието на социјалистичкиот режим врз уметноста и влијанието на авангардата врз новите генерации меѓу на кои им припаѓа и тој.

Во првиот случај тој е фотографиран со каталог од едно од најпрогресивните движења ФЛУКСУС, пред спомениците на кои ги изработил неговиот татко, скулпторот Илија Аџиевски.

Во втроиот случај: преку фотографии од Дебар, Велес и од Лос Анџелес, со поднасаслов "Барајќи го Џон Кејџ", тој доаѓа до заклучокот, дека и Лос Анџелес, е исто што и Дебар. Барајќи го изворот или центарот, се воспоставило дека како што е Дебар провинција и Лос Анџелес станува провинција.

"Таму, каде што е роден таткото на авангардта, јас симболично, на различни начини се обидов да дојдам до некој податок за него. Луѓето немаа поим кој е тој. Освен неколкумина уметници, негови студенти, кои со скромни матерјали учествуваат во изложбата" вели Аџиевски.
На овој начин тој се занимава со влијанието на глобализмот на нашата сцена.
За целиот проект "Кино Напредок 3- Трилогија Провинција", Павлески вели дека е "уметност и нешто или малку другост'. Во еден момент човек чувствува дека треба се во парче да престори, што пак ќе цели во интегрирање што ќе доведе до подобар ред".
Оттаму тој во Дебар се претставува со книга-"Антологија на македонската ликовна уметност и критика од 1954 до 2004". Тој вели дека имало забелешки дека е книгата преобемна на 1002 страници, но додава: "Суштината беше таа да биде книга, но и да се гледа со нејзиното скулптурално тело. Историчарката на уметност Соња Абаџаиева спомнува дека тоа, можеби, нема да биде ниту книга, ниту скулптура. Или, дека Станко направил своевиден хибрид.
"Ако е таква забаелешката на Абаџиева, јас сум среќен. Ако сум успеал да направам хибридна форма, која што функционира, тогаш ме почестила со таа реченица." вели Станко кој се прашува зошто тој како уметник да се занимава со пишување на ваква книга. "Ова беше порив да се иницира, поттикне летаргијата на нашата ликовна критика од која се очекува да покренува процеси. Што да очекуваме од неа кога таа самата за себе вели дека е заморена?" вели Павлески.
Вели дека намерно почнува од 1954 година, која вели е преломна во разбирањето на модерната во Македонија, а значајна е и по познатата полемика што оттогаш не се повторила. "Денешните полемики се сведуваат на навради, не ги поместуваат нештата, како што би се очекувало", вели Павлески.
Тој со ликовната критика се занимава и во тредиот дел од проектот каде што изложува седум скулптури на наши критичари, во негатив. "Нивниот идентитет е речиси неважен. Тие немаат доволен идентитет" е коментарот на авторот.
Паралела на автентичниот Зен-от од Истокот и на неговото влијание врз западната култура или на авангардата или на америкаснката сцена, каде што најдрастично се гледа поентата на Аџиевски со проектот "Зен фрижидери" или како што вели "Чувачи на зенот". Тој прави коцкарска игра со која зборува за третманот на исмејување и пародија што го прави Западот дури и со најсуштествените филозофии.
Аџиевски се прашува што се случува на Истокот денес. Доаѓа до заклучок дека иако од 5. в.п.е. паралелно постојат конфучионизмот на Конфучие и таоизмот на Лао Це, дека конечно е јасно дека во светот победува конфучионизмот, што е матерјалистичка филозофија. "Денес во цел свет имаме само производи со етикета "Мејд ин Чајна". Во неговата коцкарска игра, оној кој ќе ја извлече добитната комбинација ќе добие пиратско ЦД од култниот филм "Куќа на летечките ками". Во играта се користени фото реплики што се преснимени од телевизор, што е реплика на реплика и што на најдиректен начин зборува за тезата како современиот свет ја извртува суштината", вели Томе.
Трилогијата за провинцијата се затвора со книга, чиј издавач е Музејот на современата уметност. Предговорот како "Антипредговор" е на Соња Абаџиева. Таа ги замолила авторите да не го читаат текстот пред неговото објавување. Тие се согласиле, но сметале дека во една реченица треба да ги запознаат читателите со тој податок што би бил, како што велат, во интерес на проектноста на предговорот. "На овој начин губи и предговорот, губат и читателите" велат Аџиевски и Павлески.
Аџиевски и Павлески се редок авторски тандем кај нас. Велат одлично се разбираат, можеби затоа што нема лидерство во нивниот однос. Самиот наслов на сите нивни дела "Кино Напредок", велат доволно говори за провинацијата во која сме и за темите што ги интересираат, споредувајќи ја нашата средина со целиот свет. Прашањата се исти, каде сме ние, каде се тие, колку сме слични?
М. Зафировска
фото Г. Чочков

Antenna 5.FM
ЕУРЕКА информатика
Telekabel
pg vertigo paragliding club
Рекламен простор



© ВЕСТ 2001
Секое користење на информации и фотографии од сајтот,
без дозвола на Редакција ВЕСТ е забрането